РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-9525/2 (2022)
11-08-2023 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 90-тата седница одржана на 04.08.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-9525/1 од 13.12.2022 година, со наводи за неправилности во постапувањето на ЈУ /// центар /// на /// (///) во рамки на конкретен предмет, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-9525/1 од 13.12.2022 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител на ден 13.12.2022 година поднесена е пријава со наводи за неправилности во постапувањето на ЈУ /// центар /// на /// (///) во рамки на конкретен предмет, и оформен е предмет број 12-9525/1 од 13.12.2022 година.

Во пријавата подносителот, без да посочи конкретни лица и без да укаже на инволвираност во коруптивни дејствија, изразува сомневање во однос на непристрасноста на одлучувањето во рамки на предмет во кој според изнесеното во пријавата била донесена одлука во корист на мајка на малолетно дете против која имало поднесено кривични пријави за семејно насилство, на која ѝ било дозволено да го зема детето на чување.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавените наводи не се корупција согласно дефиницијата утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, како и тоа дека видно од доставените списи подносителот се обратил и до Основното јавно обвинителство ///, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**